Врз основ на член 12 точка 11 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошен текст Комората), и измените во Правилникот за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и другите лица донесени на седницата на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на 24.02.2018 година, во прилог ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ од

**ПРАВИЛНИК**
**за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и другите лица**

**Член 1**

Со овој правилник се одредува надоместокот на носителите на изборни функции во Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комора ) како и надоместокот за работа во органите и телата на Комората.

За учество на седниците, избраните и именуваните членови на телата, и работни групи на Комората, можат да примаат надомест за учество во работа како и надомест за материјални трошоци во согласност со овој правилник или со друг акт донесен од страна на Управниот одбор или Собранието на Комората, согласно статутарните надлежности.

**Член 2**

Членовите на Комората избрани односно именувани на одредени функции имаат право на месечен надомест во нето износ стекнат по основ на извршување на должностите и тоа:

- Потпретседателот на Комората,
- Претседавачот на Собранието на Комората,
- Заменик претседавач на Собранието на Комората,
- Членови во Управниот одбор на Комората,
- Раководители на професионалните одделенија,
- Членови на телата и работните групи на Комората

**Член 3**

Претседателот на Комора како вработен во Комората има плата што е определена со Правилникот за организација и систематизација на Комората.

Претседателот на Комората не добива дополнителен надоместок за работа на седници на Управниот одбор.

Потпретседателот на Комора добива месечен надоместок во висина од 10.000 ден нето. Како член на Управниот одбор негово право и должност е да присуствува на седниците на Управниот одбор.

Во случај на ненајавено отсуство од состанокот, надоместот од став 1 од овој член не се исплатува.

Во случај на најавено отсуство, надоместот од став 1 од овој член се намалува за 50%, освен со одлука на Претседателот на Комората кога може да се исплати и целосниот надомест, а во случај кога отсутниот имал активности по точките од дневниот ред, но оправдано не бил во состојба да присуствува на закажаниот состанок.

**Член 4**

Претседавачот на Собранието на Комората добива 5.000 денари нето за секој одржан состанок на Собранието на Комората и 7.000 денари нето месечен надоместок за присуство и работа на седниците на Управниот одбор, каде членува без право на глас.

Заменик претседавачот на Собранието на Комората, во случај кога го заменува претседавачот добива еднаков надоместок како што е утврдено за претседавачот во став 1 од овој член.

Во случај на ненајавено отсуство од состанокот, надоместот од став 1 од овој член не се исплатува.

Во случај на најавено отсуство, надоместот од став 1 од овој член се намалува за 50%, освен со одлука на Претседателот на Комората кога може да се исплати и целосниот надомест, а во случај кога отсутниот имал активности по точките од дневниот ред, но оправдано не бил во состојба да присуствува на закажаниот состанок.

**Член 5**

Раководителите на професионалните одделенија добиваат месечен нето надоместок во зависност од бројот на матични активни членови во одделението, согласно годишните официјални статистики доставени до Собранието на Комората во месец февруари, и тоа:

-до 8% матични членови од вкупниот број активни членови - 3.000 ден

-над 8% матични членови од вкупниот број активни членови - 7.000 ден

Во случај на подолготрајна (повеќе од два месеци) спреченост на раководителот на одделението да раководи со одделението, надоместокот од став 1 на овој член го добива неговиот заменик за време на вршењето на должноста на раководителот на одделението.

**Член 6**

За работа во Управниот одбор на Комората, освен за Претседателот и Потпретседателот на Комората чии надоместоци се посебно регулирани со член 3 од овој правилник, членовите добиваат месечен надоместок во висина од 6.000 денари нето.

Во случај на ненајавено отсуство од состанокот, надоместот од став 1 од овој член не се исплатува.

Во случај на најавено отсуство, надоместот од став 1 од овој член се намалува за 50%, освен со одлука на Претседателот на Комората кога може да се исплати и целосниот надомест, а во случај кога отсутниот имал активности по точките од дневниот ред, но оправдано не бил во состојба да присуствува на закажаниот состанок.

**Член 7**

На раководителите на одделенијата или друг организатор на настан на Комората, може да им се исплати и варијабилен дел во зависност од бројот на реализирани стручните семинари, обуки и слично, што ги организираат согласно Програмата за континуирана доедукација на Комората.

Висината на варијабилниот дел од став 1 на овај член изнесува:

-за еднодневна обука во траење од најмалку (4) часа 4.000 ден нето

-за дводневна или подолга обука во траење од најмалку (8) часа 6.000 ден нето

### Член 8

Членовите на постојните и повремените телата и на органите на Комората стекнуваат право на надомест по основ членување и работата во истите, согласно одлуки од надлежните органи на Комората.

Надоместокот од став 1 на овој член изнесува 1.500 ден. нето по одржан состанок, како и патни трошоци согласно одлуката донесена од Управниот одбор за висината на истите.

### Член 9

Надоместокот за давање на специјалистичко и стручно мислење како и работа во експертски и стручни работни групи во согласност со оддржаните седници, односно часовите потрошени за изработка на експертски предлози или акти го определува Управниот одбор, а се исплаќа по поднесен и прифатен извештај за извршена работа.

### Член 10

Висината на надоместокот предвиден од член 9 од овој правилник се одредува во зависност од финансиските можности на Комората.

### Член 11

Овој правилник стапува на сила со денот на донесување од Собранието на Комората.

### Член 12

Со влегување во сила на овој правилник престануваат да важат сите останти акти на Комората со кои се регулира надоместот на споменатите функции и активности од овој правилник.

Претседавач на Собранието на Комората

Проф. д-р Миле Станковски